# Грузија и Ерменија

## 8. октомври 2025. - 17. октомври 2025.
## 10 дена - 8 ноќи

> Ве водиме на дружење со љубезно и срдечно локално население во земјите кои први во светот го прифатиле христијанството како официјална религија. Посетуваме нерелеани манастирски и црковни комплекси, најстари на светот, исклесани во карпи, изградени на самиот брег на езера, вкопани во длабоки кањони и пустински висорамнини или подигнати на највисоките планински врвови.

Земји со најстарата култура во светот – Грузија и Ерменија.

Историја и традиција стари повеќе од 6000 години. Посетуваме зелени планински венци чии врвови се покриени со вечен снег, бескрајни лозја и прекрасни градови во кои се испреплетуваат традиционалните и модерните влијанија. Неодолива комбинација на традиција и модернизам, на величенствениот Кавказ, верата, вкусовите, обичаите, сфаќањата...

Пештерскиот град Uplisciheќе не остави без здив, додека видиковците над езерото Sevan ќе ни подарат глетки кои што се за паметење.

Ве водиме на дружење со едни од најтоплите и љубезни локалци во земјите кои први во светот го прифатиле христијанството како официјална религија. Ќе ги посетиме и неверојатните манастирски и црковни комплекси – едни од најстарите во светот.

ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА:

Tibilisi City Tour

Mtskhet, Gori и Upliscihe пештерскиот град

Езерото Севан, долината на цвеќињата и Kecharis манастирскиот комплекс

Ереван City Tour.

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на патниците во Белград. Директен лет од Белград за Тбилиси со Air Serbia во 07:55, пристигнување во Тбилиси во 12:55. Слободно попладене. Ноќевање.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Белград -- Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул -- Тбилиси (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Белград, Истанбул, Тбилиси

**Ден 2: Tibilisi City Tour**

По појадокот трнуваме на обиколка на Тбилиси каде што ќе се запознаеме со главниот град на Грузија и неговата богата историја. Ќе ја посетима Metekhi – црквата на крстот од XIII век изградена во традиционален грузиски стил. Продолжуваме низ Абанотубани, најстариот дел од градот со бањи сочувани од 17. и 18. век. Се возиме со жичарницата до Нарикала, стари тврдини од каде што ќе уживаме во панорамскиот поглед на Тбилиси. Ќе ја посетиме и Сиони катедралата – една од најстарите во градот, дом на реликвија – Крстот на Света Нина. Шетајќи по авенијата Руставели, првата авенија во Тбилиси, ќе ја освојуваме архитектонската разновидност на градот. Преку оваа авенија ќе патуваме низ времето односно низ 19. И 20. век. Враќање во сместувањето во вечерните часови. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Тбилиси

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 3: Факултативен излет – Планината Казбеги, дворецот Ананури, езерото Жинвали и Света Троица.**

По појадокот тргнуваме кон планината Казбеги. На патот дотаму ќе го посетиме замокот Ананури, кој доминира над прекрасното езеро Жинвали, го продолжуваме нашето патување кон Казбеги и кон црквата Света Троица која се наоѓа на врвот од ридот. Уживаме во преубавиот панорамски поглед. Враќање во сместувањето во вечерните часови. Ноќевање.

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Тбилиси

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 4: Mtskhet, Gori и Upliscihe пештерскиот град**

По појадокот се упатуваме кон местото Mtskhet, стар грузиски град со богата историја. Ќе бидеме воодушевени од убавината на црквата Svetitskhoveli која е дел од светското наследство на УНЕСКО. По посетата, продолжуваме кон градот Гори, родното место на Сталин. Таму го истражуваме музејот посветен на животот и делото на овој историски лидер, навлегувајќи длабоко во неговото минато и влијанието кое што го оставил врз светот. Продолжуваме кон пештерскиот град Уплише кој претставува фасцинантно археолошко наоѓалиште. Овој древен град врежан во карпите ни нуди редок увид во животот на античка Грузија, додека шетаме низ пештерите, црквите и улиците кои сведочат за богатата историја на ова подрачје. Враќање во сместувањето во вечерните часови. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Тбилиси

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 5: Трансфер до Ерменија**

По појадокот го напуштаме сместувањето и тргнуваме кон Ерменија. Пристигнување во Јереван во попладневните часови. Слободно време. Ноќевање.

**Превоз**
Трансфер од Грузија до Ерменија

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Тбилиси, Ереван

**Ден 6: Факултативен излет – Манастирот Хор Вирап, Азатското езеро и храмот Гарни**

По појадокот тргнуваме по патот на Арарат – ова библиско планинско возвишение е особено убаво во утринските часови. Нашата прва станица за денот ќе биде најблиската точка до планината од ерменската страна – Манастирот Хор Вирап, од каде што започнува христијанството во Ерменија. Потоа правиме пауза на еден од најубавите видиковци, каде што ќе имаме можност да направиме прекрасни фотографии од Азатското езеро, опкружено со неверојатна природа. Следна дестинација ние единствениот пагански храм во Ерменија – Гарни. По посета на храмот, ќе присуствуваме на традиционалниот процес на печење лаваш – ерменски тенок леб, што преставува една од најубавите и најзачуваните традиции во Ерменија. За крај го оставивме величенствениот манастирски комплекс Гехард од 13. Век, делумно врежан во карпите и вклучен на листата на светско културно наследство на УНЕСКО. Враќање во сместувањето во попладневните часови. Ноќевање.

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Ереван

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 7: Езерото Севан, Дилијан и манастирот Goshavank**

По појадокот заминуваме кон езерото Севан – бисерот на оваа планинска земја и едно од најголемите слатководни езера лоцирано на една од највисоките точки во Евроазија. Ќе го посетим еи манастирскиот комплекс Севанаванк, сместен на полуостровот, од каде се отвора величествен поглед кон целото езеро. Потоа, патот не води кон Дилиџан познат како „ерменската Швајцарија" поради своите прекрасни природни шуми. Градот е дел од Националниот парк Дилиџан. Застануваме и кај манастирот Хагарциун од 10. Век, кој неодамна беше обновен со донација од шеикот д-р Султан бин Мохамед Ал Касими, владетелот на Шарџа кој бил импресиониран од манастирот при негова посета. На крајот на турата следи посета на прекрасниот манастир Гошаванк, опкружен со зелени шуми. Враќање во сместувањето. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Ереван

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 8: Ереван City Tour и трансфер до Тбилиси**

По појадокот, го напуштаме сместувањето и тргнуваме на обиколка на Ереван. За време на оваа фасцинантна тура низ ерменската престолнина, ќе го истражиме срцето и душата на градот. Ќе ги посетиме историски значајните локации, вклучувајќи го плоштадот на Републиката, каде што живее ритамот на градот и ќе ја откриеме привлечноста на стариот градски четврт. Ќе се запознаеме со богатата историја на ерванскиот плоштад и ќе се восхитуваме на архитектурата на величенствениот храм Свети Григориј Просветител. Исто така, ќе ја доживамееме локалната култура на пазарот Вернисаж и ќе вкусиме автентични специјалитети, уживајќи во шармот на овој живописен град. Попладне заминувама кон Тбилиси. Пристигнување во Тбилиси во вечерните часови. ***Ноќевање.***

**Сместување**
Хотел 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Ереван

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 9: Слободен ден**

Слободен ден за истражување на Тбилиси, вкусување на рецепти од нивната неверојатна кујна и купување на сувенири за спомен. Трансфер до Аеродром.

**Место**
Ереван

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Ден 10: Враќање и крај на патувањето**

Лет од Тбилиси до Белград, со преседнување во Истанбул. Пристигнување во Белград. Крај на патувањето.

**Превоз**
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Ереван -- Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул -- Белград (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

**Место**
Ереван, Тбилиси, Истанбул, Белград

**Храна**
Континентален појадок × 1

### Цени и услови

**Што е вклучено**

Регуларна цена
**1.499,00** EUR

**FIRST MINUTE!**
Попустот важи до 31.05.2025.
**1.249,00** EUR

### Не е вклучено

- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Виза за Ерменија (се подигнува на граница)

Сите уплати се вршат исклучиво во денарска противредност по курс од 62 денари за 1 евро и тоа: при пријавување се плаќаат 200€. Преостанатиот дел се плаќа најдоцна 6 недели пред поаѓање. Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

### Факултативни излети

### Сместување

**Хотел 3*** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Сместувачки објект по локална категоризација во Тбилиси кој располага со двокреветни и трикреветни соби. Хотелот се наоѓа во широкиот центар на градот. Собите се двокреветни и поседуваат сопствен тоалет. Во овој дел на светот постои можност некои од собите да немаат прозори или да имаат внатрешни прозори или прозори кои не можат да се отворат. Услугата е на база ноќевање. Точното име на хотелот ќе биде потврдено по формирање на групата, најдоцна 2 седмици пред поаѓање.

**Хотел 3*** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Сместувачки објект по локална категоризација во Ереван кој располага со двокреветни и трикреветни соби. Хотелот се наоѓа во широкиот центар на градот. Собите се двокреветни и поседуваат сопствен тоалет. Во овој дел на светот постои можност некои од собите да немаат прозори или да имаат внатрешни прозори како и прозори кои не можат да се отворат. Услугата е на база ноќевање. Точното име на хотелот ќе биде потврдено по формирање на групата, најдоцна 2 седмици пред поаѓање.

### Превоз

**Авион**

Патнички авион (линиски авион или комерцијален транспортен авион) е голем авион првенствено наменет за комерцијален превоз на патници и товар.

**Локален трансфер**

Помало превозно средство за најчесто до 15 патници. Во зависност од земјата може да биде со помал или поголем комфор.

### Места

**Белград**

Белград (српски: Београд или Beograd) е главен град и најголем град во Србија. Градот се наоѓа на устието на реките Сава и Дунав во централна северна Србија, на местото каде што Панонската Низина се сретнува.

**Истанбул**

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

**Тбилиси**

Тбилиси е град на Св. Ѓорѓи, главен град на Грузија и дом на околу 1.345.000 жители. Во 5-от век го основал кралот Вахтанг Горгасал, на местото каде према легендата за време на лов застрелал фазан кој паднал во извор со термални води и излегол излечен. Името на градот потекнува од грузискиот збор за топло, „тбили“. Иако градот е срушен и обновен вкупно 29 пати, зачуваните стари градби помешани со модерната функционална архитектура му даваат на градот посебен шарм.

**Ереван**

Ереван се наоѓа во подножјето на планината Арарат и е еден од најстарите константно населени градови на светот- главен град на Ерменија и економско-политичко-

културен центар на државата. Тринаесета по ред престолнина на Ерменија и Светска престолнина на книгатата на UNESCO во 2012 година. Ереван е вистински драг камен на раната Советска архитектура. Во советско време почнале големи реконструкции со цел од Ереван да се направи совршен град. Благодарение на градбите во неокласицизам Ереван би требало да потсеќа на Париз, Виена и Санкт Петербург.

**Корисни информации**

**Грузија**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈАТА**

Грузија е држава во евроазискиот регион, па претстаува европски балкон во Азија. Таа се наоѓа на подрачјето на геополитичкиот регион Закавказија, на самата граница помеѓу источна Европа и југозападна Азија. Се граничи со Русија на север и североисток, со Турција и Ерменија на југ, и со Азербеџан на југоисток, додека на запад излегува на брегот на Црното Море. Позната е по своите природни убавини, како планините Голем и Мал Кавказ, вулканска област која е дел од Ерменската висорамнина и Колхидската низина, која се наоѓа во средина.

Површина: **69.700km2**

Број на жители: **3.7** милиони жители

Главен град: Тбилиси (1.2 милиони жители)

Националност: Грузијци (преку 85%, а национални малцинства се: Азери, Ерменци и Руси)

Официјален јазик: грузиски

Вероисповед: православие

Независност: 1991. година (од СССР)

**2. ВИЗА**

За Република Грузија не е потребна виза за престој.

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

Временската зона е **UTC+4**, што значи 2 часа понапред во однос на Македонија.

**4. КЛИМА**

Климата во регионот главно ја одредува планината Кавказ. источниот дел на земјата припаѓа на континенталната клима, додека на запад е значително потопло. Надморската висина исто така игра улога во одредувањето на климата на одредено подрачје, па така на сите места над 1500m температурата е пониска.

**5. ХРАНА И ПИЕЊЕ**

Грузиската кујна е истовремено и уникатна, но претставува и спој на блискоисточните кулинарски традиции со европските. Качапури е леб полнет со сирење и претставува сериозен залак за секого. Во зависност од регионот му се додаваат и други вкусни состојки. Мчади е грузиска пченкарна пројa. Кинкали се кнедли во кои често преовладува опојниот кумин. Чурчкела е омиленото благо на Грузијците. Се купва на пазар, а во прашање е благо во облик на долгнавести свеќи. Може да се јаде зашеќерена со ореви, лешници, бадеми, суво грозје итн. Од пиење секако треба да се проба цедениот сок од калинка кој се продава на улица и бројните вина.

**6. ЗДРАВЈЕ**

Што се однесува до вакцинација, најдобро е самите да се јавите во Институтот за јавно здравје, но од нашето искуство нема потреба за вакцини. Во секој случај, одлуката е ваша. Секогаш им препорачуваме на патниците на далечните патувања со себе да понесат пробиотици, како и лекови за настинка, болки и температура за секој случај.

Се препорачува конзумирање на флаширана вода за пиење, додека што се однесува до храната нема посебни ограничувања. Овошје и зеленчук има во изобилство, но неопходно е да бидат добро измиени.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Осигурување не е задолжително, но е препорачливо. Можете да го купите од било која осигурителна куќа или кај нас во агенција до 5 дена пред патувањето. За информација за цена/осигурана сума/број на денови јавете се во нашата агенција.

**8. СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ**

Тбилиси важи за еден од туристички најбезбедните градови во Европа. Во самата Грузија видливо е задолжителното присуство на полиција во секое поголемо туристичко место.

Магистралните патишта се добри, а делниците во планинските предели се во лоша состојба.

**9. ОБЛЕКА**

Во периодот во кој ние одиме во Грузија очекуваме темература повисока од 15-20 степени. Треба да спакувате повеќе маици и дуксери. Удобни патики за шетање се неопходни. Со оглед на тоа дека поаѓањата се секогаш на есен или пролет би било добро секогаш со себе да носите чадор или кабаница. Од друга страна, топли јакни нема да Ви бидат потребни. Сè на сè, секогаш се препорачува слоевито обекување.

**10. ЛОКАЛНА ВАЛУТА**

Валутата во Грузија се нарекува грузиски лари (GEL). 1EUR = 2.9 GEL.  Пари можете да безбедно да промените во сите менувачници и препорачливо е да носите евра.

**11. КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ И БАНКОМАТИ**

Системот на банкомати и платежни картички постои во Грузија, но не препорачуваме да се потпрете на плаќање со картички, подобро е да понесете готовина.

**12. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи функционираат нормално во Грузија. Постои и опцијата за купување на локална SIM картичка. Исто така, интернет кафулиња има насекаде, а во сместувањето има конекција.

**13. СТРУЈА**

Што се однесува до електричната енергија, напонот е ист како кај нас, нема да Ви бидат потребни адаптери за приклучоците за струја.

**Ерменија**

**1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈАТА**

Ерменија, или официјално Република Ерменија, е континентална планинска држава во регионот Закавказија, Се граничи со Турција на запад, Грузија на север, Иран и азербеџанската енклава Нахчиван на југ и Азербеџан и независната Нагорнокарабашка Република на исток.

Од 1991. година оваа земја е независна од Советскиот Сојуз. Ерменија е држава со богато и древно културно-историско наследство. Старата ерменска држава уште во 301. година го прифатила христијанството, па затоа многу ја сметаат за првата христијанска држава на светот. Религијата во Ерменија е специфичен вид на христијанство која носи назив Ерменска апостолска црква. Ерменија е позната по своите планински венци и висорамнини. Како резултат на тектонска активност формирани се бројни тектонски езера, од кои најголемо е езерото Севан. На речиси 1000m надморска височина се наоѓа главниот град Јереван. Овој град е убедливо најголем во целата земја и има завидна мрежа на патишта како и советска архитектура, па се разликува од останатите градови во државата.

Површина: **29.743km2**

Број на жители: **3 милиони жители**

Главен град: **Јереван** (1.5 милиони жители)

Националност: **Ерменци** (98%, како и мала етничка заедница Јазиди)

Официјален јазик: **ерменски**

Вероисповед: **ерменска апостолска црква**

Независност: **1991. година** (од СССР)

**2. ВИЗА**

За влез во Ерменија неопходна е виза. Износот на таксата за виза за еден влез и престој до 21 ден е 6 евра и може да се плати на границата помеѓу Грузија и Ерменија. Виза за деца до 18 години не се наплаќа.

**3. ВРЕМЕНСКА ЗОНА**

Временската зона е **UTC+4**, што значи 2 часа понапред во однос на Македонија.

**4. КЛИМА**

Климата во Ерменија е континентална. Треба да се спомене дека сончевото и суво време трае од почеток на јули до крај на септември. Навечер температурите знаат да бидат значително пониски и посвежи.

**5. ХРАНА И ПИЕЊЕ**

Кујната на Ерменија е истовремено блиска, како на европската така и на левантската кујна. Од месо на мени, исклучително ценето е јагнешкото. Во храната неретко ќе сретнете јак вкус на коријандер. Ерменците се познати и по млечните производи, а еден од најпознатите е солениот јогурт, кој луѓето по улица го пијат како освежителен пијалок. Во сите ресторани можете да уживате во нивните сарми, кои ги нарекуваат долми. Секако неизбежна е и ерменската супа каш, најчесто говедска или јагнешка. Посебно го препорачуваме ерменскиот коњак.

**6.ЗДРАВЈЕ**

Што се однесува до вакцинација, најдобро е самите да се јавите во Институт за јавно здравје, но од нашето искуство нема потреба од вакцини. Во секој случај, одлуката е ваша. Секогаш препорачуваме патниците на далечни патувања да понесат пробиотици, како и лекови за настинка, болки и температура за секој случај.

Нема многу квалитетно опремени болници, особено не надвор од Јереван, Аптеките се достапни низ целата земја и генерално се снабдени со лекови.

Се препорачува конзумирање на флаширана вода за пиење, а што се однесува до храната нема посебни ограничувања. Овошје и зеленчук има во изобилство, но е неопходно да бидат добро измиени.

**7. ОСИГУРУВАЊЕ**

Осигурување не е задолжително, но е препорачливо. Можете да го купите од било која осигурителна куќа или кај нас во агенција до 5 дена пред патувањето. За

информација за цена/осигурана сума/број на денови јавете се во нашата агенција.

**8.СИГУРНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ**

Општата состојба во однос на безбедност е на задоволитетлно ниво. И покрај тоа што Ерменија има многу препиркиво политичките односи со Азербеџан и Турција, ситуацијата во самата земја е стабилна.

Со оглед на тоа што патните и железничките мрежи се слабо развиени, не се препорачува да се патува навечер или во текот на зимските месеци.

**9. ОБЛЕКА**

Се препорачува слоевито облекување. Периодот кој е резервиран за нашата посета е период со долги сончеви интервали, но не треба да се заборава дека навечер температурата знае значајно да падне. Потребни се и удобни патики за шетање. Исто  така, при посета на езерото Севан треба да се запомни дека сезона за капење во езерото е јули и август.

**10. ЛОКАЛНА ВАЛУТА**

Ерменската валута се нарекува ерменски драм (AMD). 1EUR = 580AMD.

**11. КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ И БАНКОМАТИ**

Системот на банкомати и платежни картички постои во Ерменија, но не препорачуваме да се потпирате на плаќање со картички, подобро е да понесете готовина.

**12. КОМУНИКАЦИЈА**

Нашите мрежи функционираат нормално во Ерменија. Постои и можноста за купување на локална SIM картичка,

**13. СТРУЈА**

Што се однесува до електричната енергија, напонот е ист како кај нас и нема да Ви бидат потребни адаптери за приклучоците за струја.

**Важни напомени**

**Напомени:**

**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е JUNGLE TRAVEL од Србија со лиценца OTP 162/2020.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА JUNGLE TRAVEL D.O.O. од Белград.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/нея, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува "саатницата" одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио

компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ ускладени со YUTA  стандардот.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, JUNGLE TRAVEL, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с treба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците коио патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. Jungle Travel не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.

Во согласност со одредбите од Законот за туризам на Република Србија, Организаторот на патувањето има депозит во висина од 7500,00 ЕУР и гаранција за патување за категорија на лиценца А35 во висина од 350.000,00 ЕУР, која во случај:

А) на инсолвентност на Организаторот на патувањето, се обезбедуваат:
1. трошоци за нужно сместување, исхрана и враќање на патниците од патувањето, до местото на поаѓање во земјата и странство,
2. побарување на уплатените средства на Патниците по основ на Договорот за туристичку патување, кое Организаторот на патувањето не го реализирал,
3. побарувања на уплатените средства на Патниците во случај на откажување на патувањето од страна на Патниците, во согласност со Општите Услови за

Патување,
4. побарување на разликите меѓу уплатените средства по основ на Договор за туристичко патување и средствата намалени сразмерно за неизвршување или непотполно извршување на услуги, опфатени со Програмата на патување и во случај:

Б) Надокнади на штета која е нанесена врз Патникот со неисполнување, делумно исполнување или неуредно исполнети обврски на Организаторот на патувањето, кои се одредени со Општите услови и Програмата на патување:
1. За побарување на уплатените средства на Патникот по основ на Договор за туристичко патување кое Организаторот на патувањето не го реализирал и
2. За побарување на разлики меѓу уплатените средства по основ на Договорот за туристичко патување и средствата намалени сразмерно за неизвршена, или непотполно извршени услуги кои се опфатени со Програмата на патување.

Периодот на покритие на Гаранцијата за патување трае од датумот на нејзино издавање, па се до завршувањето на туристичкото патување, односно до враќање на Патниците на договореното одредиште.

Гаранција по Договорот за Гаранција на патување број 0013/2020 од 10.01.2020, склучено со договарачот на осигурување - Националната асоцијација на туристички агенции ПУ “YUTA", Белград, ул. Кондина бр. 14, Полиса број 300067826 од 14.01.2020. Акционерско друштво за осигурување ДДОР НОВИ САД, Гаранцијата за патување се активира без одложување, односно во рок од 14 дена од денот на настанување на осигураниот случај, кај Националната асоцијација на туристички агенции ПУ “YUTA", +381 11 3228 686, по пишан пат или телеграма на адреса YUTA, Белград, ул. Кондина бр. 14, или на e-mail: garancijaputovanja@yuta.rs.

(Патникот своите права за надокнада на штета ги остварува врз основа на правосилни и извршни судски пресуди, односно одлуки на Арбитражниот суд или други вон-судски решенија на потрошувачки спор, во согласност со овие Општи услови и Општите услови на YUTA.)